# FOREVER

MACEDONIA
Јуни 2019 | Број 212
























# Технологиите се иднината на Форевер





**Нема сомнение дека технологиите го менуваат потрошувачкиот  пазар. Клиентите имаат нови очекувања. Дали тоа е достава за два дена или можноста да порачаш по телефон од секаде, лицето на продажбите постојано се трансформира.**

Сите користиме Amazon заради погодноста да купиме со еден клик и да го добиеме порачаното по два дена. Благодарение на Uber можеме да го земеме телефонот, да ја отвориме апликацијата и за неколку минути да нè земе кола. Airbnb пак ни дава можност да го планираме одморот со едно притискање на копче на сајтот. Сите овие компании имаат нешто заедничко: користат технологија за да го развиваат бизнисот и секој од нивната бранша што сака да им конкурира, треба да се приспособи.

Технологијата го менува и мрежниот маркетинг, иако нашата индустрија не е секогаш погодена од трендовите во традиционалните продажби. И додека личниот контакт останува во основата на Форевер, не можеме да ги игнорираме технологиите и влијанието кое го имаат врз целиот пазар. Очекувањата на потрошувачите се променија и ако ги следиме, сите имаме можност да растеме.

Затоа многу напорно работевме за да ви ги обезбедиме алатките и технологиите кои ви се потребни за да го развивате вашиот бизнис преку продажби и спонзорирање. Во САД и Канада лансираме нов вебсајт кој нуди одлични можности за продажби и и поедноставен процес на регистрација. Модерниот и лесен дизајн го олеснува разгледувањето, купувањето и уредувањето на автоматски порачки со дополнителна функционалност, овозможувајќи ви лесно да вклучувате нови СФБ и да ја градите вашата екипа. Работиме и на вклучувањето на неколку европски земји подоцна оваа година.

Новиот дигитален „Први чекори до Менаџер" и обновената мобилна апликација **Discover Forever** ви нудат ефективни алатки, кои може да ги имате насекаде – видео фајлови, прирачници и насоки за работа, кои ќе ви помагаат на вас и вашата екипа да стигнете до ниво Менаџер. Создадовме и продолжуваме да публикуваме видео обуки, вебинари и маркетинг материјали кои ќе ви помогнат да ги развивате сите аспекти на вашиот бизнис.

Идејата на сите нови дигитални алатки е да ви помагаат да го адаптирате и одржите својот Форевер бизнис во чекор со времето. Една од најдобрите работи кои можете да ги направите за бизнисот, е да ги разгледате вашите навики и да размислите како може да го поткрепите бизнисот со помош на технологиите.

Ова може да значи да излезете од зоната на комфор, но мислам дека така можете да откриете и одлични нови начини за градење на бизнисот. Технологиите предлагат уникатна шанса за креирање на личен модел за опслужување на клиенти. Имате можност постепено продажбите да ви преминат онлајн и да го фокусирате вниманието на клиентите кои купуваат дигитално. Можете да дадете поттик на бизнисот лице в лице со користење на технологиите, за да ги следите кандидатите и клиентите. Одлучете како сакате да го развивате бизнисот и пренесете им го на потрошувачите искуството кое го бараат.

Благодарение на современите технологии, сега е одличен момент да сте сопственици на Форевер бизнис. Со возбуда очекувам да видам како ќе ги користите неверојатните нови дигитални алатки за работа, за да извлечете максимум од вашиот бизнис.

**Продолжете да се насмевнувате,**



**Gregg Maughan**
**President, Forever Living Products**

# Проширете ги перспективите со патување






**Верувам дека длабочината на вашиот карактер и отвореноста на вашиот ум зависат од големината на светот во кој живеете. Не мислам на вистинската големина на светот, туку оној мал дел од него во кој работите, живеете и ги поминувате деновите. Со оптовареното секојдневие, работните обврски, семејните обврски и секојдневните предизвици нашиот свет може да се чувствува многу мал.**

Марк Твен рекол дека не можеш да се здобиеш со широки, морални и великодушни погледи за луѓето и работите, ако цел живот живееш во истиот мал агол на светот и дека патувањето е погубно за предрасудите и тесноградоста.

Мислам дека денес овој цитат е поумесен од било кога. Колку повеќе време поминувате во бурното секојдневие, толку потешко може да се откинете и да ги погледнете нештата отстрана. Но добрата вест е дека има брзо решение. Убеден сум дека кога патуваме и посетуваме нови делови на светот, кога гледаме како луѓето живеат, работат, се хранат, празнуваат и ја почитуваат својата религија, ние се чувствуваме по-поврзани со другите. Едноставно е невозможно да патуваш низ светот, да се сретнуваш со нови култури и да гледаш луѓе различни од тебе, без да ги рашириш своите хоризонти и да ја продлабочиш својата емпатија.

**КОГА СИ ПОТЕСНО ПОВРЗАН СО ЛУЃЕ ОД РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ И КОНТИНЕНТИ, И ГИ РАЗБИРАШ ПОДОБРО, РАСТЕШ НЕ САМО КАКО ЛИЧНОСТ, ТУКУ И КАКО СОПСТВЕНИК НА ФОРЕВЕР БИЗНИС.**

Комбинацијата од овие искуства – патешествијата и потопувањето во различни култури, храна и гletки, се претвора во нешто кое заживува во нашата душа. Нема како да не станеме по-сочувствителни и да осознаеме дека сме граѓани на светот.

Затоа патувањата се во срцта на програмите за стимулирање на Форевер. Глобалното рели и средбата на Менаџерите ОРЕЛ секогаш се одржуваат на неверојатно место во светот, бидејќи сакаме да ве одведеме некаде каде досега не сте биле, и да доживеете нешта кои инаку може и да немате можност да ги уживате. Патувањата се дел од програмите за стимулирање, бидејќи знаеме колку може силно да влијаат на вас и вашиот бизнис.

Кога си потесно поврзан со луѓе од различни култури и континенти, и ги разбираш подобро, растеш не само како личност, туку и како сопственик на Форевер бизнис. Овие човечки врски се исклучително важен дел од Форевер и начин на кој сите ние си помагаме да растеме и на личен, и на професионален план. Но не е важна само дестинацијата.

Да си заобиколен на нашите настани од илјадници други сопственици на Форевер бизнис од целиот свет е навистина уникатно доживување кое ти дава можност да учиш од другите на глобално ниво.

Кога ќе одлучите да излезете од познатото и да го видите светот, ќе откриете дека местата кои ги посетувате ќе станат дел од тоа што сте. Емпатијата, взаемните односи и широките хоризонти со кои ќе се здобиете, ќе го збогатат секој аспект од вашиот живот и не само што ќе го променат начинот на кој гледате на вашето мало катче од светот, туку може и да го прошират.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АПРИЛ 2019 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР



Др.Гордана Николиќ

## СУПЕРВИЗОРИ



Дехари Зелије
Михајлова Велика
Милановски Давид
Спасовска Анастазија
Стојчева Кристина
Ќаили Назлије

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Абдију Алили Саније
2. Андоноска Љубица
3. Апостолоска Ирена
4. Арсовски Ивица
5. Балсикевска Снежана
6. Бекировски Дамјан
7. Блажевска Марија
8. Вандевска Јулијана
9. Велјаноска Елизабета
10. Велковска Ленче
11. Величковски Владимир
12. Велјановска Лиле
13. Даути Азрета
14. Демири Мирзана
15. Дика Карлуку Натира
16. Ѓорѓиевска Љупка
17. Ефтимов Дарко
18. Здравевска Благица
19. Зејнепе Сали
20. Јанева Билјана
21. Јашка Ибраим
22. Каклески Гоце
23. Калач Суад
24. Караџова Марија
25. Кралев Јасна
26. Куртиши Хатиџе
27. Лазаровски Томе
28. Лековиќ Ристовска Адела
29. Лозановска Даниела
30. Маркоска Зорица
31. Митаноски Ѓоко
32. Максути Адриана
33. Милевска Јасминка
34. Мишева Марина
35. Момироска Тодорка
36. Николова Маја
37. Павловска Цветанка
38. Петкова Андова Александра
39. Полизовска Душица
40. Радовановиќ Злата
41. Сакипи Зухаре
42. Самарџиоска Магдалена
43. Секуловска Афродита
44. Симеонова Манева Рахела
45. Симјаноска Александра
46. Смоковска Билјана
47. Спасеска Ранка
48. Стаматова Дарија
49. Станојкова Слаѓана
50. Стоиљковиќ Маја
51. Стојковиќ Јасмина
52. Танческа Ѓоргиева Ана
53. Трајкова Емилија
54. Трајковска Катерина
55. Трајчева Стојка
56. Трпеска Александра
57. Ќаили Беге
58. Филипова Весна
59. Хасани Мевлуде
60. Хоџа Лулзиме
61. Цветковска Симона
62. Чакар Тамара
63. Чореска Фаме
64. Џелили Зуријете

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1




Даниела Младеновска
Мери Алексовска
Александра Стојчевска
Бејтуле Сулејмани
Александар Апостолоски
Босилка Кајтазова
Тања Тодоровска

### Клуб 4 – ниво 2




Емине Зеќири

### Клуб 4 – ниво 3




Слаѓана Петрушевска

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Жарко Георгиевски |
| 2. Славица Донакова | 2. Стевица Димовска |
| 3. Блага Крстеска | 3. Славица Донакова |
| 4. Др.Снежана Контра | 4. Фердезе Сулејмани |
| 5. Слафко Михајловски | 5. Др.Гордана Николиќ |
| 6. Стевица Димовска | 6. Бејтуле Сулејмани |
| 7. Катерина Трајчевска | 7. Елена Гелевска |
| 8. Елена Гелевска | 8. Линдита Амити |
| 9. Вера Златковска | 9. Вера Златковска |
| 10. Др.Гордана Николиќ | 10. Емине Зеќири |


**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница Forever Living Products, MK за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like



**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk


Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.




# Нашата мисија



**„Создаваме профитабилна средина, во која секој може со достоинство да биде тоа што сака да биде; во која чесноста, коректноста, емпатијата и задоволството од работата се наши основни приоритети. Градиме и негуваме ентузијазам и верба во нашата компанија, производи и индустрија. Бараме знаење и баланс, а најмногу- без страв ги водиме компанијата и сопствениците на Форевер бизнис напред.“**

Драги пријатели, сопственици на Форевер бизнис,

По секое Глобално рели ентузијазмот и емоционалниот поттик повторно се на највисоко ниво. И тоа е сосем природно, откако една седмица си бил постојано окружен од луѓе поврзани од една култура и поведение. Луѓе кои веруваат во тоа што го прават и се стремат кон промена на својот живот. Луѓе кои се однесуваат позитивно кон сè, и тоа секогаш им помага да гледаат напред. Луѓе со сопствен Форевер бизнис за кои животот е исполнет со авантури. Сите тие се исклучително страстно приврзани кон тоа што го прават и сакаат да го постигнат. Сите тие одлично знаат дека на овој свет нема начин да бидеш успешен и среќен без да го вложиш потребниот труд и да направиш сè што е неопходно, а не само тоа што ти се допаѓа. Одлични лидери кои со креативноста и интегритетот си го менуваат својот живот и им помагаат на многу други да го направат истото. Прекрасни пријатели чие претприемништво, трудољубивост, снаодливост и вештини се заразни и неверојатно мотивираат. Такви сте сите вие – сопствениците на Форевер бизнис од Бугарија, Македонија и уште 160 држави во целиот свет! Такви се и луѓето кои ја управуваат оваа неверојатна компанија насекаде во светот и работат неуморно, за да можете сите вие да ги исполните вашите мечти.

Исклучително сме горди со над 220-те луѓе од нашите две држави, кои бевте со нас на овој уникатен настан, со речиси 15 000 како вас од цел свет. Заедно доживеавме прекрасни моменти, возбудливи наградувања, величествено шоу и бевме сведоци на историски настани во нашата компанија.

Во сите речиси 20 години, во кои сме заедно, по секое Рели си велиме дека последното беше толку впечатливо, што тешко дека некогаш може да биде надминато, но Форевер секогаш нè изненадува со сè поневеројатна програма и следни дестинации.

Затоа не пропуштајте да бидете дел од величествениот настан кој следната година ќе се одржи на посакуваната дестинација за многумина – Сиднеј, Австралија.

Работете здраво, бидете трудољубиви и дисциплинирани, и Форевер ќе ве награди со доживувањата за кои мечтаете!

Засекогаш со вас,
Тања и Стефан Стаеви

# Клучот за добро варење

**Оптимизирајте го варењето на храната со новиот Форевер актив про-Б. Нашиот современ пробиотик го поддржува здравјето на гастроинтестиналниот тракт со шест корисни пробиотични соеви и над осум милијарди активни корисни бактерии за оптимална состојба и работа на цревата.**

Мора да посветуваме внимание на состојбата на дигестивниот систем и не смееме да ја потценуваме неговата клучна улога за нашето комплетно здравје. Овие витални органи се заеднички именител за множество здравствени тегоби. Стресот, лошата исхрана, агресијата на околната средина и зафатениот начин на живот го заробуваат нашиот дигестивен тракт и со тек на времето можат да станат причина за појавата и на замор, ослабен имунитет, тешко одржување на здрава тежина и кожни проблеми.

Научниците откриле дека состојбата на цревната микрофлора може да има значително влијание врз комплетното здравје и виталност. Употребата на пробиотик може да придонесе за обнова на балансот на добрите бактерии во дигестивниот тракт и на тој начин да го поддржи како неговото здравје, така и имунитетот.

Според најновите истражувања, добриот пробиотик треба да достави помеѓу пет и десет милијарди CFU (единици за формирање колонии), неопходно е бактериите во него да опстанат низ целиот дигестивен тракт, за да се населат и распространат на точното место, да може да се пофали со комбинација од соеви со комплементарни својства, да има клинички докажан ефект на здравјето и да е произведен и спакуван при многу ниски нивоа или во целосно отсуство на влага.

ФОРЕВЕР АКТИВ ПРО-Б е во првите редови на пробиотските истражувања со своите осум милијарди CFU, составени од шест синергични соеви. Оваа ризница од корисни микроорганизми е во состојба да ја избегне стомачната киселина, за тие да стигнат неоштетени во цревата. Земајте по една капсула на ден за поддршка на балансот во дигестивниот и имунолошкиот систем.

За создавање на Форевер актив про-Б се здруживме со Универзитетската болница во Копенхаген – лидер во областа на гастроентерологијата. Клинички е докажано дека два од соевите во додатокот во исхрана имаат висока способност за колонизирање на цревата. Овие специјално разработени уникатни разновидности на лактобацилус рамнозус и лактобацилус реутери работат во синергија со останатите одбрани соеви, за да го оптимизираат вашиот дигестивен тракт и да ја подобрат апсорпцијата на хранливи материи.

Уникатната комбинација вклучува и пребиотични влакна, идеални за одржување на корисните микроорганизми за време на нивното складирање, транспортирање и доставување до цревата. Тие придонесуваат за ферментацијата на бифидобактериите и лактобацилите, за да гарантираат дека повеќе пробиотици ќе преживеат и ќе стигнат таму каде вашето тело ќе има најголема потреба од нив.

Форевер актив про-Б е вегетаријанска капсула без соја и алергени, произведена по уникатна технологија и криогено замрзната, за да се зачува ефикасноста на нашите пробиотични соеви. Пакувката на новиот пробиотик исто е забележителна, бидејќи користи Activ-Vial™ технологија – во ѕидот на вијалата е вграден специјален слој кој го заштитува производот од влага. Овој напреден метод гарантира максимално добро складирање на живите бактерии.

Пробиотикот е лесен за употреба и не бара чување во ладилник. Земајте по една капсула дневно за оптимални резултати. ФОРЕВЕР АКТИВ ПРО-Б е дел и од нашиот комбиниран пакет Витал 5 и го дополнува нашиот ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА, кој помага за одржување на здравјето на дигестивниот систем и природните енергетски нивоа.

## Оптимизирајте го здравјето на цревата со Форевер актив про-Б!

## Што е CFU и зошто е важно за здравјето на стомакот и цревата да има милијарди од нив?

Овие „единици кои формираат колонии“ одредуваат колку од бактериите во пробиотикот се во состојба да се делат и да образуват колонии. Само живите корисни микроорганизми можат да се населат во нашето тело и затоа целта на секој пробиотик е да ги достави живите и витални бактерии до цревата.

Тие носат многу придобивки, вклучително поддршка за имунолошкиот систем, потпомагање на дигестијата, учество во ослободувањето на нутриенти од храната за апсорпција и позитивен придонес во нормалниот раст и развој на човечкиот организам.





# ПОЛЕТАЈТЕ КОН СИДНЕЈ

Квалификуваните СФБ на Глобал Рели први дознаваат за новите производи, учествуваат на ексклузивна обука, добиваат признанија и уживаат во забавата. Тоа е навистина единствено искуство. #FGR20 во Сиднеј, Австралија ќе биде еден од највеличествените Глобал Рели настани во историјата на Форевер и ние не сакаме да го пропуштите!

## ПОЛЕТАЈТЕ КОН СИДНЕЈ СО ОВАА ОДЛИЧНА ПРОГРАМА ЗА СТИМУЛИРАЊЕ!

### LEVEL 1

**ОСТВАРЕТЕ:**
Вкупно 500 бодови за време на периодот на квалификацијата

25 бодови од новоспонзорирани во периодот на квалификацијата

**НАГРАДА:**
2 влезници за Глобал Рели

Глобал Рели торба со производи

### LEVEL 2

**ОСТВАРЕТЕ:**
Вкупно 750 бодови за време на периодот на квалификацијата

50 бодови од новоспонзорирани во периодот на квалификацијата

**НАГРАДА:**
2 ноќевања во хотел

2 влезници за Глобал Рели

Глобал Рели торба со производи

### LEVEL 3

**ОСТВАРЕТЕ:**
Вкупно 1000 бодови за време на периодот на квалификацијата

50 бодови од новоспонзорирани во периодот на квалификацијата

**НАГРАДА:**
3 ноќевања во хотел

2 влезници за Глобал Рели

Глобал Рели торба со производи

### BONUS PRIZE

**ОСТВАРЕТЕ:**
Квалификуваниот на трето ниво кој ќе има најмногу бодови од новоспонзорирани ќе ја добие главната награда.

**НАГРАДА:**
2 повратни авионски карти

3 ноќевања во хотел

2 влезници за Глобал Рели

Глобал Рели торба со производи

## ПЕРИОД ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА: 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2019.

**Не ја пропуштајте оваа извонредна можност да бидете дел од #FGR20, развијте го вашиот бизнис и ПОЛЕТАЈТЕ кон Сиднеј!**

GLOBAL RALLY SYDNEY

FOREVER®